Друштво за промет и услуги
ЉУБЕ-ДИМ ДООЕЛ
Бр. 03-36/21
3.03 2021 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Основен суд Виница
СУ-02-4/21
03.03.2021 година
В и н и ц а

**ДОГОВОР**
**ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ**
набавка и монтажа на телефонска централа по оглас бр.014111/2021

Склучен на ден 03.03.2021 година:

1.Основен суд Виница, со адреса „Бел Камен“ бр.11, ЕМБС 5126606 и ЕДБ 4005945102639 застапуван од ВД Претседателот на судот, Васка Петрова како Договорен орган

2. Друштво за промет и услуги ЉУБЕ ДИМ ДООЕЛ Скопје, со седиште на улица Гандиева бр.27 во Скопје-Кисела Вода, ЕМБС 6386245, ЕДБ 4030008038857, застапуван од Управителот Љубе Димчов, како Носител на набавката

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**
**Член 1**

Предмет на овој договор е јавна набавка на стоки –телефонска централа за потребите на Основен суд Виница, со вградување и инсталирање, по техничка и финансиска понуда на последната цена по завршување на е-аукцијата спроведена електронски преку системот на ЕСЈН под оглас број 01411/2021, а која е составен дел на Договорот.

Член 2

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го испорача и тоа уред:Телефонска централа марка Panasonic KX-NS500 со 2 (говорни) аналогни влезни линии и 20 аналогни локали и систем за бирање локал со говорна порака на број 1-еден, Конзола операторски телефонски апарат за телефонска централа KX DT543 на број 1-еден, Мастер телефонски апарати KX-TS580 на број 20-дваесет, монтажа и вградување, тестирање на функционалноста на централата, 2 (два) часа обука за користење на телефонската централа, се во во рок од 30 дена од денот на склучување на договорот, во просториите на Основен суд Виница.

Испораката и вградувањето се смета за извршено со потпишување на испратницата од овластените лица кај странките.

Гаранцијата на уредите - Телефонска централа марка Panasonic KX-NS500 со 2 (говорни) аналогни влезни линии и 20 аналогни локали и систем за бирање локал со говорна порака на број 1-еден, Конзола операторски телефонски апарат за телефонска централа KX DT543 на број 1-еден е 3 години, со пост гаранциско одржување од 5-пет години, додека на Мастер телефонски апарати KX-TS580 на број 20-дваесет е 2 години со пост гаранциско одржување, најмалку 3 години, согласно тендерската документација.

**ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**
**Член 3**

Вкупната вредност на стоката со транспорт и монтажа без ДДВ изнесува 123.390,00 (сто дваесет и три илјади тристе и деведесет) денари, по специфицирани единечни цени во техничката и финансиска понуда на

последната цена по завршување на е-аукцијата, која е составен дел од Договорот.

Вкупниот износ на ДДВ од 18% изнесува 22.210,00 денари.

Вкупната вредност на стоката со транспорт и монтажа изнесува 145.600,00 денари со вклучен ДДВ.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 4**

Времетраењето на договорот престанува кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој Договор ги имаат преземено договорните страни.

**НАЧИН И РОК НА ИСПЛАТА**

**Член 5**

Плаќањето на цената е по испораката, монтажата на стоката и доставена финансиска документација (фактура) во рок од 30 дена.

**ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 6**

Во случај на доцнење со испораката на стоката од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна. Договорната казна се определува во висина на 10% од вредноста на стоката.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 7**

За се што не е регулирано со овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

**Член 8**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не можат да ги решат спогодбено во духот на взаемна соработка и добрите деловни односи ќе ги решава надлежниот суд во Кочани.

**Член 9**

Овој Договор е составен во (4) четири еднообразни примероци од кои по (2) два примерока за секоја страна.

**Договорен орган ,**
**Основен суд Виница**
**ВД Претседател,**
**Васка Петрова**

**Носител на набавката,**
**Љубе- Дим Дооел**
**Управител,**
**Љубе Димчов**

Составен дел на Договорот е:

-Финансиска понуда на последна цена по завршување на е-аукција